20.12.2016г.

# О Д Л У К А

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) по жалбата на Горан Стојановски, Слободан Ѓоревски, Далибор Трајковски, Николчо Јанушев, Горан Ангеловски, Примислав Димовски и Петар Ѓеорѓиевски, полициски службеници во МВР на Р. Македонија, за текстот со наслов "КОЈ ЌЕ ЛЕТА ОД РАБОТА НА 12-ТИ ДЕКЕМВРИ: Направен список на партиски послушници на СДСМ во МВР кои ќе сносат одговорност по изборите!", објавен на 30.10.2016 година, на Интернет порталот Инфомакс (www.infomax.mk)**

## Ж А Л Б А Т А  Е  О С Н О В А Н А

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1, 4, 7, 13 и 14.

Член 1.

*"Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно."*

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

Член 4.

*"Новинарот ќе го назначи изворот на информациите, но ако изворот бара да остане анонимен, новинарот ќе го заштити."*

Член 7.

*"Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Новинарот е должен да ја почитува личната болка и жалост."*

Член 13.

*"Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот."*

Член 14.

*"Известувањето од политичките процеси, посебно од изборите, треба да биде непристрасно и избалансирано. Новинарот мора да обезбеди професионална дистанца од политичките субјекти."*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на ден 03.11.2016 година, Горан Стојановски, Слободан Ѓоревски, Далибор Трајковски, Николчо Јанушев, Горан Ангеловски, Примислав Димовски и Петар Ѓеорѓиевски, полициски службеници во МВР на Р. Македонија, поднесоа жалба за текстот со наслов "КОЈ ЌЕ ЛЕТА ОД РАБОТА НА 12-ТИ ДЕКЕМВРИ: Направен список на партиски послушници на СДСМ во МВР кои ќе сносат одговорност по изборите!", објавен на 30.10.2016 година, на Интернет порталот Инфомакс (www.infomax.mk).

Во жалбата се наведува дека во текстот изнесените класифицирани информации за полициските службеници на МВР на Р.М. кои се степенувани како строго доверливи согласно Законот за класифицирани информации, се неточни, невистинити и крајно тенденциозни, со цел да се наруши приватноста, угледот и достоинството на полициските службеници. Во образложението на жалбата се додава дека во текстот на полициските службеници им се импутира и партиска припадност, односно истите се декларирани како партиски послушници и насилници кои по завршувањето на парламентарните избори ќе бидат избркани од работа, согласно веќе изготвени списоци во МВР на Р.М.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Интернет порталот Инфомакс и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата.

Интернет портал Инфомакс објави текст со наслов "ПРОДОЛЖУВА ПРИТИСОКОТ ВРЗ ИНФОМАКС: Сателит збирштините на СДСМ во ликот на разни совети и сервиси се обидува да го замолкне Инфомакс.мк!", како јавен одговор на наводите од жалбата. Во текстот, меѓу другото, во однос на класифицираните информации се вели дека наведените службеници во посочениот текст се јавни службеници, вработени во П.С. Прилеп, меѓу кои и еден командир на полициска станица, а имињата и функциите се општопознат факт и лесно достапен до широката јавност. Во продолжение на одговорот

се вели дека Инфомакс не ги декларира наведените како насилници, туку пренесува сведоштва од граѓанин, кој поради страв за неговата безбедност замоли да остане анонимен.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на текстот е ОСНОВАНА.

***

При своето одлучување Комисијата за жалби ги зеде предвид и:

**Член 105 од Законот за полиција во кој се вели дека:**

(1) Полицискиот службеник не смее да основа, да раководи и да биде член на раководство на политичка партија.

(2) Полицискиот службеник со членувањето во политичка партија и со учество во нејзините активности не смее да го доведува во прашање непристрасното и законито вршење на полициските работи.

**(3) Полицискиот службеник не смее да носи или да истакнува партиски симболи во просториите и службените возила на Полицијата, партиски да се организира или дејствува во Министерството.**

(4) Полициските службеници не смеат во униформа на Полицијата да присуствуваат на партиски активности и манифестации, освен ако се на извршување на службена задача.

**Пресудата на ЕСЧП во случајот Observer and Guardian v. the United Kingdom од 1991 год.** кога двата весника - апликанти најавиле дека имаат намера да објават изводи од „Spycatcher" („Фаќач на шпиони"), книга од пензионираниот разузнавач Питер Рајт, која содржела приказ на наводните незаконски активности на британската разузнавачка служба и на нејзините агенти. Британскиот јавен правобранител излегол пред суд за да побара трајна забрана за објавување на делови од книгата. Во јули 1986 година судот одобрил привремена забрана за објавување додека, конечно, не се реши прашањето за трајна забрана. Во јули 1987 година книгата била објавена во Соединетите Американски Држави, а примероци станале достапни во Обединетото Кралство. Привремената забрана за објавување останала во сила во Обединетото Кралство до октомври 1988 година, кога британските судови одбиле да дозволат трајна забрана.

**ЕСЧП најде дека случајот е поврзан со разумно тврдење дека дури иако обелоденувањето на одредени информации може да ѝ наштети на националната безбедност, сепак, постојниот ризик за националната безбедност повеќе не е поврзан со случајот откако информациите станале достапни.**

***

На седницата на 29.11.2016 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителите, полициските службеници во МВР на Р. М., и направи увид во наведениот текст и одговорот од Инфомакс. Меѓу другото го констатираше и следниов текст:

**...Како што дознаваме, веднаш уште на 12-ти декември ќе се бара одговорност на сите оние кои униформата и полициската заклетва ја ставиле во втор план, одговарајќи на барањата и ветувањата на Оливер Спасовски.**

**Сите оние кои се откажале од професионалноста, а се наоѓаат на овој список ќе понесат одговорност на 12-ти декември.**

**Имено, спротивно на Законот за внатрешни работи и Законот за полиција, партиските послушници на СДСМ почнале со активно агитирање и спроведување на партиски активности, како и присуство на партиски собиранки органирани од СДСМ, што според експертите е доволна причина по 12-ти декември да им се каже збогум, а претпоставените да им се заблагодарат за сработеното и да им врачат отказни решенија...**

**... Дознаваме, исто така, дека на списокот се нашле и насилниците, инаку вработени во единицата „Алфа" кои имале намера, на барање на Спасовски да упаднат во УБК вооружени со автоматски пушки дента кога Катица Јанева планираше да ја подрие националната безбедност.**

**Игор П. – виш инспектор во единицата Алфа – кривична пријава за киднапирање и поседување оружје**

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

**Слободан Ѓ. – Лути – виш инспектор во единицата Алфа – кривична пријава за семејно насилство**

**Горан А. – Турче – единица Алфа – кривична пријава за престрелка за која е условно осуден. Се јавуваат и други пријави во крим евиденцијата**

**Никола В. – единица Алфа – Кривична пријава за тепачка со смртни последици. Осуден на ефективна затворска казна, а потоа помилуван од поранешниот претседател Бранко Црвенковски**

**Далибор Т. – претходно избркан од единицата Алфа под сомнение за кражба на запленети патики, сега самостоен инспектор.**

**Горан С. – Кисел – самостоен инспектор – има забрана за безбедносен сертификат и не смее да има увид во класифицирани информации во кои спаѓа и наредба за вршење служба.**

**Алмир Т. – виш инспектор, избркан од единицата Алфа поради решенија од дисциплинската комисија за прераспределување**

**Злате С. – дел од единицата Алфа – кривична пријава за изнуда и грабнување, осуден на условна затворска казна**

**Горан А. – лидер на Алфа тим – кривична пријава за изнуда и грабнување**

**Горенаведените се само дел од списокот кој како што дознаваме веќе е направен и само се чека на завршување на изборите за да биде ефектуиран.**

По увидот Комисијата најде дека се објавени тврдења за полициски службеници за нивно неетичко, непрофесионално и криминогено однесување. Како што, впрочем, може да се констатира и од самиот текст , посочените полициски службеници не се ниту избрани, ниту именувани функционери, ниту, пак, се политичари, туку службеници вработени во МВР, па оттука членовите на Комисијата најдоа дека во овој случај не може да се разгледува од аспект на **Декларацијата за политичка дебата во медиумите на Советот на Европа од 12.02.2014 год** и тоа да биде олеснителна околност. Поради ваквата состојба и со оглед на тоа што не се јавно експонирани личности, овие лица уживаат право на своја приватност, околност што авторот на овој текст не ја зел предвид.

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

Меѓутоа, медиумот имал легитимна цел да објавува информации за состојбите во МВР, бидејќи јавноста има право да знае дели во инситуцијата се дејствува согласно или спротивно на чл. 105 од Законот за полиција. Но медиумот задача не ја исполнил до крај, ниту, пак, со должно внимание се однесувал кон споменатите припадници, туку, спротивно на етичките стандарди во професионалното новинарство, не побарал став за тврдењата ниту од полициските службеници, ниту од институцијата во која работат. Информацијата не ја проверил воопшто. Со тоа, медиумот нив ги довел во неповолна положба пред судот на јавноста, претставувајќи ги како службеници кои дејствувале партиски во МВР, спротивно на чл. 105 од Законот за полиција.

Дотолку повеќе, тежина на непрофесионалното постапување на медиумот му дава и фактот дека тој не објавил воопшто од каде му се информациите и не навел дека изворот на информацијата сакал да остане заштитен, па оттука ја презема целата правна одговорност за своите тврдења. Во целиот текст авторот воопшто и не прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот.

Комисијата го зеде предвид и фактот дека текстот е создаден во затегната политичка клима, кога во МВР има политички назначени министер, заменик - министер и дополнителен заменик - министер, па оттука авторот не обезбедил непристрасно и избалансирано известување и не зазел професионална дистанца од политичките субјекти, туку напротив зазел политичка страна.

Во однос на доверливоста на информациите објавени во овој текст, за кои жалителите тврдат дека се класифицирани како строго доверливи согласно Законот за класифицирани информации, членовите на Комисијата најдоа дека, иако со објавувањето на ваквите информации може да се загрози безбедноста на полициските службеници и безбедноста на државата воопшто, согласно пресудата на ЕСЧП Observer and Guardian v. the United Kingdom од 1991 год. , ваквите информации веќе не можат да се сметаат како безбедносни информации бидејќи веќе се објавени и станале достапни.

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

Комисијата констатираше и дека таа нема надлежност, ниту можности да истражува од каде и како излегле во јавноста класифицирани информациите, туку тоа можат да го сторат единствено надлежни државни органи .

***

Комисијата за жалби најде дека во спорниот текст со наслов “КОЈ ЌЕ ЛЕТА ОД РАБОТА НА 12-ТИ ДЕКЕМВРИ: Направен список на партиски послушници на СДСМ во МВР кои ќе сносат одговорност по изборите!”, објавен на 30.10.2016 година, на Интернет порталот Инфомакс, прекршен е член 1 од Кодексот на новинарите на Македонија, според кој новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

Комисијата констатира дека е прекршен член 4, според кој новинарот ќе го назначи изворот на информациите, но ако изворот бара да остане анонимен, новинарот ќе го заштити.

Понатаму, Комисијата констатира дека е прекршен член 7, според кој новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Новинарот е должен да ја почитува личната болка и жалост.

Комисијата заклучи дека е прекршен член 13, според кој новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот.

Комисијата заклучи дека е прекршен и член 14, според кој известувањето од политичките процеси, посебно од изборите, треба да биде непристрасно и избалансирано. Новинарот мора да обезбеди професионална дистанца од политичките субјекти.

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

Во согласност со наведеното Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Филип Ѓурчиновски, Теофил Блажевски, Беким Ајдини, Сефер Тахири, Гоце Герасимовски и Мери Јордановска.

**Се обврзува Интернет порталот Инфомакс (www.infomax.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595